**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**ТОП ВЕСТИ:**

- СРЕЌНА И БЕРИЌЕТНА НОВА 2026
- Буџетот за наредната година е проектиран во износ од 481.604.321 денар
- Ивана Арсениевска,спортист на годината во Делчево
- Делчевска зимска приказна

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 47 ДЕКЕМВРИ 2025

## СРЕЌНА И БЕРИЌЕТНА НОВА 2026




### Буџетот за наредната година е проектиран во износ од 481.604.321 денар



### Ивана Арсениевска,спортист на годината во Делчево



### Делчевска зимска приказна



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

Совет на Општина Делчево

# Усвоен Буџетот за 2026 година на Општина Делчево




Советот на Општина Делчево на Третата седница го усвои Буџетот на Општина Делчево за 2026 година. Буџетот за наредната година е проектиран во износ од 481.604.321 денар, додека Основниот буџет е 192.788.171 ден. Капиталните расходи во вкупниот буџет се 132.205.150 ден, а тековно-оперативните расходи се проектирани во износ од 349.399.171 денар или 72,5%. Во Основниот буџет тековно-оперативни расходи изнесуваат 79.419.668 денари (41%), додека капиталните расходи изнесуваат 113.368.457 денари или 59%.

Како што истакна градоначалникот Гоцевски, Буџетот за наредната година е развоен, затоа што најголем дел од проектираните средства во Основниот буџет-59%- се расходи наменети за капитални проекти.

- Буџетот е реален, одговорен и насочен кон граѓаните. Креиран е со внимателна анализа, отворен дијалог и заедничка работа. Во неговиот фокус се: подобрување на квалитетот на животот, инвестиции во инфраструктура, образование, социјална заштита, спорт и култура, поддршка на граѓанскиот сектор, како и поддршка на ранливите категории граѓани. Вложувањето во капиталните проекти е повеќе од потребно за да имаме добра економија, здрава локална смоуправа и транспарентни процеси кои се темелат на потребата од усогласување на различните потреби на граѓаните, посочи Гоцевски.

Во 2026 година продолжува реализацијата на 10-те развојни програми кои тежат над 111 милиони денари, средства одвоени од Владата:

Изработка на техничка документација на ниво на основен проект за реконструкција на постоечка водоводна мрежа-главен цевковод Лошана-Општина Делчево

- Ставање во функција на новата детска градинка во Општина Делчево;
- Партерно уредување на новата детска градинка;
- Изградба на улици во Централно градско подрачје (ст.ул.5, ст.ул.4, крак од ст.ул.4, ст.ул.1, пешачка патека 1, пристапна улица 1);
- Изградба на улици во СРЦ
- Изградба на улици во населба Пролет
- Реконструкција на улица „Индустриска“
- Атмосферска и фекална канализација на ул. „Индустриска“
- Реконструкција на дел од улица во с.Звегор
- Изградба на краци од ул.„Драмечка“ и улици во населба Басарица
- Изградба на дел од улица „Видое Смилевски- Бато“ со потпорен ѕид
- Регулација на коритото на река Брегалница возводно 320 мтр.
- Реконструкција на дел од улица „Кочо Рацин“
- Општ тендер (изградба на улиците „Петрашевска“, „Чифличка“, „Ветренска“, „Влаинска“, „Грозданец“, улица во с.Град, крпење на ударните дупки)
- Изградба на скејт- парк (ИПА проект)
- Регулација на Брегалница 300 мтр возводно (ИПА -проект)
- Набавка на нова урбана опрема за детските паркови;
- Изградба на фекални и атмосферски канализации;
- Зимско и интервентно одржување на улици и општински патишта ;
- Поставување и одржување на сообраќајна сигнализација и опрема;
- Надзор над изградба на објекти;
- Надомест за одземен имот и други расходи.

Во Буџетот за 2026 година се планира зголемување на износот на еднократна парична помош за новороденчиња и првачиња, како и зголемување на износот за ученички и студентски стипендии. Исто така, повеќе средства ќе има и за граѓанскиот сектор и за спортските клубови со вкупен износ од 1.500.000 ден, повеќе средства за културата, но и одвојуваме средства и за инвестиции во животната средина.

-Во оваа прилика сакам да истакнам дека за креирање на Буџетот одржавме буџетски форуми на кој присуствуваа претставници од месни и урбани заедници чии приоритети ги ставивме како наши приоритети за решавање. Ние мора да го вложиме секој денар каде што има најголеми ефекти за граѓаните. Овој Буџет претставува заедничка обврска-обврска да работиме чесно, ефикасно и во интерес на граѓаните. Верувам дека со ваков пристап ќе продолжиме да ја градиме Општината како современа, солидарна и развиена заедница, нагласи градоначалникот Гоцевски.

Совет на Општина Делчево

# Трета седница на Советот на Општина Делчево



Освен за Буџетот, на Седница на Советот се расправаше и се донесоа соодветни акти по уште 28 точки предвидени со Дневниот ред на Седницата, меѓу кои: Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево; Јавен повик пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево; Решение за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево; Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево; Јавен повик пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево; Решение за формирање на Комисија за селекција на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево; Одлука за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ – Делчево; Програма за спорт на Општина Делчево за 2026 година; Програма за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година; Одлука за измена на Одлуката за отстапување на користење простор во сопственост на општина Делчево за формирање на Младински центар Делчево; Одлука за формирање Штаб за заштита и спасување; Програма за образование за 2026; Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Делчево за 2026 година; Одлука за отпис на движни ствари сопственост на Општина Делчево; Годишен извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2025 година; Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година; Програма за јавна чистота во Општина Делчево за 2026 година; Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2025 година; Одлука за дополнување на Планот на програми за развој на Општина Делчево за 2026; Одлуки за одобрување финансиски средства по барања; Решение за именување на членови на УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево. Одлука за Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за 2026 година.

# Советот на Општина Делчево ја одржа Втората редовна седница

Совет на Општина Делчево

Советот на Општина Делчево ја одржа својата Втора седница на која се расправаше по 14 точки предложени за Дневниот ред на Седницата.
Советниците донесоа одлуки за распишување јавни повици за пројавување интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење и членови на Упавниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево. Јавните повици содржат податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи. Постапката за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално- финансиското работење и на УО на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Делчево.
Исто така, советниците ги усвоија и двата јавни повици за пројавување интерес за пријавување кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење и за избор на членови на УО на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;
На Седницата се донесе и Решение за формирање Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево. За претседател е именувана Ивана Ивановска, а за заменик-претседател Наташа Димитровска. За член е именувана Сузана Петровска, а заменик-член е Винко Ангеловски, додека за член е именуван Методи Кушевски, а заменик-член Соња Ташевска.
Советниците дадоа зелено светло и на Правилникот за измена на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување еднократна парична помош. Меѓу другите измени се дефинираше и мерката -еднократна парична помош на еднородителски семејства. Право на еднократна помош за еднородителски семејство има секое еднородителско семејство во Општина Делчево кое е потврдено од Јавната установа *меѓуопштински центар за социјална работа Делчево*. Висината на паричната помош за секое еднородителско семејство изнесува 10.000 денари. Постапката за доделување парична помош на еднородителско семејства се поведува со поднесување писмено барање на родителот до архивата на Општина Делчево. Исто така, во правилникот се определува и висината на паричната помош која се доделува за секое новороденче и за секое прваче во Општината која сега изнесува 4.000 денари, како и висината на паричната помош во зависност од причинетата штета и вкупните примања на семејството и е поделена во две категории: прва категорија – до 15.000 денари на семејства со вкупни примања до 35.000 денари и втора категорија – до 10.000 денари на семејства со вкупни примања од 35.001 денари до 5.000 денари.
Советниците ги усвоија и измените на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани. Меѓу другото, во Измените на Правилникот, на јавниот повик можатда се пријават сите здруженија на граѓани кои се регистрирани и активно дејствуваат на територија на Општина Делчево најмалку една години пред објавувањето на повикот, согласно со Законот за здруженија и фондации. На јавниот повик може да се пријави и Општинската организација на Црвниот крст на Република Северна Македонија, како организација која е формирана со посебен Закон.
На Втората седница беше донесена и Одлука за определување имиња на улици во градот Делчево во централно градско подрачје во градот Делчево: Се определува името „Крале Марко" која започнува од ул. „Индустриска", а завршува со КП бр 6604/3. Исто така, се определува името „Поп Стојан" која започнува од ул. „Индустриска", а завршува со КП бр. 6650/8. Куќните броеви на улиците „Крале Марко" и „Поп Стојан", ќе бидат определени од страна на Општина Делчево. Советниците донесоа и Одлука со која изврши промена на името на улица „Светозар Марковиќ" во „Љубомир Белогаски".
На Седницата советниците одобрија спонзорство во износ од 30.000 денари на Здружението ракометен клуб ДЕЛЧЕВО-ВАРДАР Делчево за учество на меѓународен турнир во ракомет „РАСТИМО-ТРОФЕЈ ГРАДА НОВОГ САДА" во Нови Сад, Република Србија. На Седницата беа донесени и повеќе одлуки и решенија: Решение за претставници на основачот во Училишниот одбор на СОУ „М.М.Брицо" – Делчево со кој за членови на Училишниот одбор на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево, се именуваат: Татјана Стојковска, Македонка Поповска и Сузана Петровска; Одлука за формирање Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2026 година, составена од 7 члена од редот на советниците; Одлука за недавање согласност на Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2025 година.

# Новогодишна честитка

Актуелности



**Гоцевски: со многу надеж, верба и желба за просперитет и развој на нашето Делчево да влеземе во Новата 2026г**

Почитувани сограѓани

Новата година е на прагот и со многу надеж, верба и желби за просперитет и развој на нашето Делчево, да влеземе во НОВАТА 2026 –та.

Новата година нека биде нов почеток-година во која веруваме повеќе еден во друг и во силата на заедништвото. Година во која убавите моменти ќе бидат секојдневие на секое наше семејство и ќе испишуваат само приказни со среќен крај и многу љубов, здравје, радост и мир.

Сега, кога ги броиме последните часови од старата година, вообичаено правиме резиме на годината што изминува. Зад нас е период што нè научи дека вистинските промени се создаваат кога сме обединети, храбри и посветени на заедничкото добро. Во старата, одговоривме одговорно на предизвиците со цел развој во сите полиња од живеењето. Во сите наши напори стои заедничкиот именител дека работиме во интерес на граѓаните.

Во годината што доаѓа ќе продолжиме со реализација на капиталните проекти кои ќе донесат подобар квалитет на животот на граѓаните. Заедно чекор по чекор ќе создаваме подобри услови, нови можности и трајни вредности.

Новата година е нов почеток искористете го да создавате убави нешта и спомени кои ќе ве мотивираат.

Во мое лично име и во име на Општина Делчево- Ви посакувам Среќна Нова 2026 г- нека биде оваа година за паметење по убави нешта-просперитет и развој за нашето Делчево и за сите наши семејства.

Актуелности

# Се гради улица „Драмечка“ во населба Басарица






Интензивно се работи на изградба на улица „Драмечка“, како и крак од оваа улица во населбата Басарица со што се решава уште едно приоритетно барање на жителите од оваа населба. Воедно, на улицата се гради и дел од атмосферската канализација. Проектот опфаќа изградба на улица со вкупна должина од 155 метри, а финансиските средства за реализација на проектот се обезбедени од Министерството за транспорт на Република Македонија, во вкупен износ од 2.862.015,00 денари.

Градоначалникот Иван Гоцевски изврши увид на текот на работите на улицата и истакна дека Општина Делчево ќе продолжи со редовен теренски надзор и следење на реализацијата на проектите, со цел сите проекти да се изведуваат квалитетно, навремено и во интерес на граѓаните.

-Во населбата Басарица продолжуваме со реализација на инфраструктурни проекти, а најавувам дека во наредната година ќе продолжиме со доизградбата на патната инфраструктура, како и канализациските системи. Целта е да одговориме на барањата на граѓаните од населбата и да реализираме проекти кои значат подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. Со овој пакет инфраструктурни проекти во населбата, населбата добива современ и урбан лик, истакна Гоцевски.

Изведувач на градежните работи е компанијата ОСД КИРИЛ од Штип, а реализацијата на проектот е планирана да продолжи и во текот на 2026 година.

# Заврши реконструкцијата на ул „Солунска“



Заврши реконструкцијата на улицата „Солунска“ во Делчево со што се реши децениски проблем за жителите кои живеат во населбите Втори и Трети Реон, а се овозможи и подобро сообраќајно поврзување со улиците „Ванчо Прке“, „Брегалничка“ и „Маршал Тито“. Со овој проект значително се подобрува безбедноста во сообраќајот на оваа улица која е една од најфреквентните улици во градот.

Реконструираниот дел од улицата е во должина од 479 метри, целосно обновен со нов асфалтен слој. Вкупната вредност на проектот изнесува 3.187.590 денари, од кои 1.568.941 денар се обезбедени преку *Стратегијата за Роми* на Министерството за транспорт и врски, а 2.192.415 денари се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Проектот е дел од инфраструктурната програма во рамки на Локалниот акциски план за Роми..

Увид во завршните работи на улицата изврши градоначалникот Иван Гоцевски кој нагласи дека Општина Делчево останува посветена на обезбедување квалитетна сообраќајна инфраструктура до секој дом.

-Изработени се планови и програми за реализација на нови инфраструктурни зафати во наредниот период, со јасна определба – ниедна населба да не биде изоставена. Општината упатува благодарност до граѓаните за укажувањата, предлозите и упорноста, кои во голема мера придонесоа за реализација на овој проект.Токму идеите и потребите изразени од страна на жителите се водилка во креирањето на приоритетите на Општина Делчево. Во периодот што следува, локалната самоуправа останува целосно посветена на воспоставување современа и квалитетна сообраќајна инфраструктура на сите локации каде што тоа е неопходно“, рече градоначалникот Гоцевски.

Нов асфалт добија и критични делници од две улици во Старо Делчево „Ванчо Прке“ и „Брегалничка“. Со овој зафат, конечно, е надминат долгогодишниот проблем со раскопани делови од улиците и бројните коловозни оштетувања кои особено доаѓаа до израз во зимските месеци. Жителите сега имаат значително подобри услови за движење и извршување на нивните секојдневни обврски низ овие фреквентни делови на градот.

Актуелности

# Одлуки за подобрување на условите во образовните институции на Втората седница на Советот за развој на ИПР



Градоначалникот на Општина Делчево присуствуваше на Втората седница на Советот за развој на Источниот плански регион, која се одржа во општина Штип. На седницата беа донесени значајни одлуки насочени кон унапредување на условите во основните училишта на територијата на Општина Делчево.

На седницата беше донесена одлука за предавање во сопственост и владение на канти за селективен отпад за основно училиште во село во Општина Делчево, со што се придонесува кон развој на еколошката свест кај учениците и поттикнување на практики за заштита на животната средина.

Исто така, беше донесена одлука за предавање интерактивни табли со придружна опрема за основните училишта во селата на територијата на Општина Делчево, со цел унапредување на наставниот процес и обезбедување современи услови за образование.

Општина Делчево изразува искрена благодарност до Министерството за локална самоуправа и до министерот Златко Перински за поддршката и континуираната грижа за рамномерниот развој на општините и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Акција за уредување на јавните површини



Во Делчево започна реализацијата на новата акција која се однесува на уредување на јавните површини на целата општинска територија со обележување на сите хаварисани, нерегистрирани и нефункционални возила, машини, приклучни возила и земјоделска механизација кои се оставени на јавни простори.

Акцијата е дел од континуираните напори на локалната самоуправа да се подобри *урбаниот изглед*, *безбедноста во сообраќајот* и *слободното движење на пешаците и возилата*. Според претходно објавеното соопштение на општинскиот веб-сајт, јавните површини не смеат да бидат попречувани со објекти кои не учествуваат во сообраќајот, а нивното паркирање е строго забрането со утврдените прописите и правила

Во рамките на акцијата:

Комуналните служби на Општина Делчево **обележуваат со лепенки** сите хаварисани возила и механизација што се наоѓаат на јавни површини.

На сопствениците им се дава временски рок да ги отстранат сами, со цел да се избегнат понатамошни мерки.

Доколку некои од обележаните објекти не бидат отстранети во дадениот рок, ќе бидат отстранети од надлежните служби на товар на сопствениците, согласно со законските надлежности за одржување на јавните простори.

Оваа акција е во согласност со заложбите на Општината за **чист и уреден јавен простор, подобра сообраќајна инфраструктура и повисоко ниво на квалитетот на живот за сите граѓани**. Граѓаните се охрабруваат да соработуваат и да ги извршат своите обврски со навремено отстранување на непрописно паркирани и нефункционални возила, што директно влијае на подобрување на визуелниот изглед и функционалноста на јавните површини.

Актуелности

# Акција за почист воздух




Општина Делчево ги информира граѓаните, правните и физичките лица дека со цел да се спречи загадување на амбиенталниот воздух и за почиста животна средина, а согласно со законски одредби, се забранува на индивидуалните или на деловните објекти како огревен материјал за затоплување да користат гуми, стиропор, пластика, текстил, отпадни масла и секаков друг вид отпад кои при согорувањето испуштаат отровни материи и го загадуваат амбиенталниот воздух.

Според Законот за животна средина сите инсталации имаат изготвено елаборати за заштита на животната средина во кој е строго определено кое огревно средство се користи. Исто така, строго е забрането од страна на текстилните фабрики издавање отпаден материјал (отпаден текстил) на физички лица. Општина Делчево соопштува дека инспекциските служби ќе вршат вонреден инспекциски надзор посебно во инсталациите каде има значителни емисии во амбиенталниот воздух и согласно со законските одредби ќе се преземаат соодветни казнени мерки.

Општината ги известува сите граѓани дека можат да пријават загадување на воздухот преку:

Архивата на Општина Делчево, ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1,

Формата „Пријави проблем“ на следниот ЛИНК,

Е-маил: info@delcevo.gov.mk,

До инспекторот за заштита на животна средина,

Како и преку сите други електронски канали на Општината.

Општината охрабрува навремено пријавување со цел подобра заштита на животната средина и здравјето на сите жители.

Во пријавата граѓаните треба накратко да го опишат проблемот кој го пријавуваат, да ја наведат локацијата каде забележале загадување, доколку можат да испратат слика или видео и да остават нивни податоци за да можат надлежните да ги исконтактираат.

Инаку, Општина Делчево преку проектот „Спречување на загадувањето на воздухот со помош на едукативни технички решенија“ има набавено нова станица за мониторинг на PM10 честички каде граѓаните преку ЛИНКОТ достапен на општинската страница можат во реално време да го следат квалитетот на воздухот во градот Делчево.

# Нови состави на дел од советите во месните и урбаните заедници

Актуелности



Во рамки на процесот на активирање на месните заедници во Општина Делчево, во изминатиот период беа одржани состаноци со жителите на с. Разловци, с. Тработивиште, с. Стамер и Стар Расадник на кои беше извршен избор на нови состави на советите на месните и урбаните заедници.

Во с. Разловци беше избран нов состав на Советот на Месната заедница, а за претседател на МЗ беше избран Ванчо Спасевски, а за претседател на МЗ с. Тработивиште беше избран Николчо Орачки. Исто така и во с. Стамер беше избран нов состав на Советот на МЗ, а за претседател на МЗ беше избран Игор Костадинов, додека во УЗ Стар Расадник по изборот на 7-члениот состав на Советот на УЗ, за претседател беше избран Марјанчо Тасевски.

Состаноците се одржаа во присуство на претставници од општинската администрација и жители на селата, во демократска атмосфера и со активна дискусија, при што беа изнесени предлози и иницијативи за решавање на актуелните проблеми и за унапредување на квалитетот на живот.

Општина Делчево и понатаму ќе продолжи со процесот на активирање на месните и урбаните заедници, со цел поттикнување на активно граѓанско учество и заедничко креирање на поодговорна и поинклузивна локална самоуправа. Во таа насока, се повикуваат граѓаните активно да се вклучат во работата на месните заедници, а особено ги охрабрува жените да бидат поактивни и да се ангажираат во работата на советите, бидејќи нивниот придонес е значаен во создавањето еднакви можности и одржлив локален развој.

Актуелности

# Анекс на Колективниот договор на Општина Делчево за поголеми плати на пожарникарите и вработените во Општина Делчево



Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски го потпиша Анексот за измена и дополнување на Колективниот договор на Општина Делчево. Со овој документ се регулира и се зголемува висината на платите на вработените во ТППЕ Делчево, со што се решава деценискиот проблем на професионалните пожарникари. Истовремено, со измените се предвидува зголемување на платите и за сите вработени во Општина Делчево.

Овој Договор претставува значаен чекор кон унапредување на правата и статусот на вработените, подобрување на условите за работа и зголемување на мотивацијата, стабилноста и ефикасноста во извршувањето на секојдневните работни обврски.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Работна средба Стојменовски-Фазлиу



Во работна посета на Општина Делчево престојуваше првиот човек на Управата за матични книги, Фатон Фазлиу. Директорот Фазлиу оствари работна средба со претседателот на Советот на Општина Делчево, Николчо Стојменовски.

На средбата се разговараше за тековните активности, сегашните предизвици и идните проекти поврзани со унапредување на услугите што ги обезбедува Управата за матични книги на локално ниво.Посебен акцент беше ставен на подобрување на ефикасноста, условите за работа и дигитализацијата на одредени услуги.

Во рамки на посетата, директорот Фазлиу ги посети Центарот за услуги и Подрачната служба на Управата за матични книги во Делчево, каде што се запозна со состојбите и потребите на службата, како и со динамиката на обезбедување услуги за граѓаните.

Општина Делчево и понатаму останува отворена за соработка со државните институции со цел подобрување на услугите за граѓаните и унапредување на локалниот развој.

Актуелности

# Декларација за унапредување на сообраќајната безбедност




Градоначалникот Гоцевски присуствуваше на Националната конференција насловена „Безбедност на сообраќајот во локална самоуправа“ во организација на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на која беше потпишана заедничка декларација на општините за унапредување на сообраќајната безбедност и намалување на бројот на сообраќајни несреќи со жртви.
Целта на конференцијата е преку размена на добри практики и искуства, унапредување на меѓуинституционалната соработка да се утврдат заеднички пристапи за подобрување на сообраќајната безбедност во урбани и рурални средини.
Градоначалникот Гоцевски истакна дека Декларацијата обврзува имплементација на мерки за поголема безбедност во сообраќајот на локално ниво при што ќе се настојува соодветно планирање на патната инфраструктура и транспортните услуги, управување со мобилноста во функција на безбедноста во сообраќајот на патиштата и приоритизирање на простори за одржливи начини на патување.
-Воедно, се заложуваме во секоја прилика јавно да зборуваме за безбедноста на сообраќајот на патиштата и значењето на оваа тема. Ќе поттикнуваме соработка помеѓу сите чинители вклучително општинската администрација, полицијата, јавните претпријатија, образовните установи, граѓанските организации и други“, рече Гоцевски.
Конференцијата е поддржана од Министерство за транспорт, Министерството за внатрешни работи и ЗЕЛС.

Актуелности

# Празниците се најубави кога сите сме безбедни

Актуелности



„Погледни лево- погледни десно“, „Премини внимателно и по најкраток пат“, „Премини на пешачки премин – тука си најбезбеден“, „Биди видлив учесник во сообраќајот“ се дел од пораките кои учениците од двете основни училишта во Делчево „Св.Климент Охридски“ и „Ванчо Прке“ денеска имаа можност да ги добијат во посебното новогодишно пакетче со светлечки подарок, доколку точно одговорат на прашања од областа на сообраќајот.

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево во соработка со сообраќајната полиција и Станицата за технички преглед на возила „Автовозач – фер“ од Делчево го реализираше првиот дел од активноста ПРАЗНИЦИТЕ СЕ НАЈУБАВИ КОГА СИТЕ СМЕ БЕЗБЕДНИ наменет за учениците, при што беа опфатени 150 деца од двете училишта.

Активноста се спроведува во рамки на новогодишната програма „Новогодишна приказна Делчево 2025-2026“ и има за цел да ги поттикне учениците одговорно и безбедно да учествуваат во сообраќајот посебно за време на претстојните празници кога се очекува зголемен интензитет на сообраќај во градот.

Посебните новогодишни пакетчиња со светлечки подарок се донација од Станицата за технички преглед на возила „Автовозач-фер“ од Делчево.

Безбедноста на децата во сообраќајот потребно е да биде дефинирана како највисок приоритет на локално и нацонално ниво, имајќи го предвид фактот дека тие припаѓаат во групата на ранливи учесници во сообраќајот за кои е потребно да бидат унапредени условите за нивно безбедно движење по улиците и патиштата, но и да се зголемат нивните знаења за сообраќајната инфраструктура, сообраќајната сигнализација и правилата и прописите преку кои би се самозаштитиле како учесници во сообраќајот.

Податоците за сообраќајни незгоди за 2024 година покажуваат дека во 4% од СН учествувале деца од старосната категорија 0-14 години, а во 7% од СН учествувале деца и млади од старосната категорија 15-24 години односно 11% од вкупниот број евидентирани лица кои учествувале во СН се деца и млади од овие старосни категории. Исто така согласно распределбата на лица кои учествувале во СН во зависност од старосната структура и последиците се забележува дека 18% од вкупно повредените лица се од старосните категории 0-14 и 15-24 години. ОСБСП Делчево повикува на внимателност кај

Актуелности

# Завршен настан од проектот „Зелен баланс-локални акции за здрави заедници“



Во ООУ „Ванчо Прке“ беше организиран завршен настан од проектот „Зелен баланс – локални акции за здрави заедници“, проект финансиран од Европската Унија, а се реализира од РЦЗ.

Како главна активност во рамки на проектот беше изградбата на урбана градина во ООУ „Ванчо Прке“, која и официјално беше пуштена во употреба. Урбаната градина ќе биде на располагање не само за учениците од ова училиште, туку и за останатите ученици од Општина Делчево со цел поттикнување на еколошката свест и практичното учење.Во рамки на активностите беше одржан и настан за размена на автохтони семиња, при што учесниците разменија знаења за начинот на садење кои ќе се применуваат во урбаната градина. На настанот присуствуваше и градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, кој ја истакна важноста на ваквите едукативни и еколошки проекти за младите и за локалната заедница.

# Потпишан Меморнадум за соработка со ОО на Црвен крст Делчево

Актуелности




Градоначалникот Иван Гоцевски и секретарот на ОО на Црвениот крст-Делчево, Ивана Ангеловска, потпишаа Меморандум за соработка со ОО на Црвениот крст со што се истакна заедничката определба за унапредување на хуманитарните активности, волонтерството, крводарителството и програмите од јавен и општествен интерес во Делчево. Со овој документ се обезбедува координирано делување меѓу Општина Делчево и Црвениот крст во областите на здравствено-превентивните програми, крводарителството, обука од прва помош, подготовка и реакција при катастрофи, промоција на хуманите вредности, волонтерството и меѓународното хуманитарно право.

Градоначалникот Гоцевски изрази задоволство од воспоставената соработка и истакна дека овој чекор претставува организирана и координирана поддршка за ранливите категории граѓани, а воедно, претставува и дополнителен стимул за развој на волонтерството и хуманоста во Делчево.

Со потпишувањето на Меморандумот започнува ново поглавје на поорганизирана и продлабочена соработка меѓу Општина Делчево и Црвениот крст, во интерес на заедницата и сите нејзини граѓани.

Актуелности

# Одбележан Меѓународниот ден на волонтерите




По повод 5 Декември – Светскиот ден на волонтерите, во Општина Делчево се одржа настан кој беше посветен на одбележување на хуманоста, солидарноста и вредноста на волонтерството и крводарителството во заедницата. Настанот беше организиран како знак на признание за сите кои несебично го даруваат своето време, енергија и добрина за доброто на другите, како и за оние кои со својот пример ја пренесуваат пораката дека дарувањето е највисок чин на човечност.

Во рамки на одбележувањето, особено внимание беше посветено на крводарителите – луѓе кои со својот чин буквално подаруваат живот. Тие се тивките херои на заедницата, чие дело често останува далеку од очите на јавноста, но зад себе остава трага исполнета со спасени животи, надеж и верба во човештвото.

Како дел од програмата, беа доделени вкупно 47 благодарници на крводарители. Една благодарница беше доделена на крводарител кој дарувал крв 100 пати – чест што ја носат само најпосветените хумани луѓе. Двајца крводарители беа признати за 50 дарувања, седум лица добија признание за 25 дарувања, а 37 крводарители беа одликувани за 10 дарувања на крв – бројка која претставува значајна лична и општествена хуманост.

Градоначалникот на Општина Делчево, во своето обраќање, ја истакна неизмерната важност на волонтерите и крводарителите за развојот и јакнењето на заедницата и упати благодарност за нивната посветеност, пожртвуваност и човечност. Тој нагласи дека силата на една општина се мери преку подготвеноста да се помогне и дека Делчево може со гордост да се пофали со силна, хумана и солидарна заедница.

# Одбележан патрониот празник на ООУ „Св.Климент Охридски“




Со пригодни настани во Делчево беше одбележан празникот посветен на Свети Климент Охридски – словенски просветител, духовен учител и еден од најзначајните црковни и културни дејци во македонската историја. По тој повод, градоначалникот на Општина Делчево Иван Гоцевски, претставници од локалната самоуправа, директорот на ООУ „Св. Климент Охридски“ – Димитар Видимлиски и делегација од училиштето положија свежо цвеќе и оддадоа почит пред ликот и делото на светецот кој е патрон и духовен заштитник на училиштето. Св. Климент е автор на богослужбени книги, преводи и поучни текстови со кои ја втемелил старословенската писмена традиција. Тој бил основач на Охридската книжевна школа или попознатa како „Прв словенски универзитет“ од кој излегле 3.500 подготвени ученици и од страна на некои словенски народи се смета за покровител на образованието и јазикот . Тој се смета за прв *Епископ Словенски* со титула *Епископ Велички* и денес Свети Климент Охридски се почитува како заштитник на Македонија, градот Охриди и Македонската православна црква.

Актуелности

Актуелности

# За прв пат во Делчево доделени награди за спортист на годината



Ивана Арсениевска, активен член на женската ракометна сениорска репрезентација на Македонија и полскиот клуб Pilka Reczna Koszalin, е спортист на годината во Делчево за 2025 г; Тренер на годината е Љупчо Петровски, активен тренер на ЖКК „Патриот 2016“, за спортска екипа на годината е прогласена ЖКК „Патриот 2016“, а за млад надежен спортист награда доби 16-годишниот Мартин Спасевски, за друмски и планински велосипедизам; Плакети за успешна соработка и унапредување на спортот добија: **ENDURO TEAM DELCHEVO, GOLAK TRAILS и Училишен спортски клуб „Климент Охридски“ – Делчево.**

Наградите за спортист на годината во Делчево во 4 категории и признанија за сите активни спортисти и спортски клубови, ги додели градоначалникот Иван Гоцевски кој истакна дека во Делчево за прв пат се доделуваат награди за спортисти на годината со што се испишува нова традиција со која се вреднува и се оддава признание на нашите неуморни спортисти, на нивните успеси и постигнати резултати.

-За мене претставува посебна чест што Делчево за прв пат востановува традиција со која одадавме признание на нашите успешни спортисти и ги мотивираме сите делчевски млади да постигнуваат резултати и да рушат рекорди и да го промовираат името на Делчево, како наши амбасадори –секаде во светот. Бидејќи, нашите спортисти се гордост на Делчево. Тие се најдобрите амбасадори на градот – на терените, салите и натпреварите, носејќи го името на Делчево со чест и достоинство. Знам дека зад секој успех стојат многу откажувања, напорни тренинзи, поддршка од семејствата и огромна работа на тренерите, истакна Гоцевски.

Гоцевски истакна дека се реализираат и неговите заложби за изградба на функционални спортски објекти и посочи дека старата спортска сала во спортскиот комплекс на Делчево која повеќе од две децении го нагрдува градот и сведочи за негрижа и недомаќинско работење со јавните средства и од локалната и од централната власт, во наредната 2026, ќе биде целосно реконструирана, ќе добие нов лик и ќе прерасне во центар на спортските настани во Делчево.

Инаку, за спортските клубови за наредната година, Општина Делчево за прв пат ќе издвои 1 милион денари, средства кои ќе се доделат на транспарентен начин преку јавен повик.

Настанот беше реализиран согласно Програмата за спорт на Општина

# Денови на хуманост -дарувај со љубов

Актуелности




Традиционалната манифестација по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, „Денови на хуманост-дарувај со љубов“ се спроведува осма година по ред под покровителство на Општина Делчево и во партнерство со локалните институции: основните и средното училиште, детската градинка, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, ЈЛБ „Илинден“, Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево, НВО „Бравура кооператива“ и Клубот ИНТЕГРА. Целта на активностите е будење на филантропијата и општествената одговорност и подигање на свеста за лицата со попреченост и нивна инклузија во општеството.

**Промовирана куќичката на надежта**

Општина Делчево ја отвори Куќичката на надежта, сместена во градскиот парк . Ова е мало место со голема порака, каде различноста создава убавина и носи надеж и порака дека секое дете заслужува внимание, топлина и еднакви можности.

Во инклузивната куќичка се собираа донациии – пакетче, книга, цртеж или играчка кој колку може и сака да донира, а првата донација беше од градоначалникот Иван Гоцевски кој ги повикува сите граѓани да ја посетат инклузивната куќичка, да остават новогодишна донација според своите можности и заедно да се создаде празнична атмосфера која им припаѓа на сите деца.

-Денеска, кога гласно зборуваме за филантропијата и кога сакаме да ја подигнеме свеста кон лицата со попреченост и да изградеме заедница со еднакви можности, ми претставува посебна чест да ја промовираме новогодишната инклузивна куќичка- која значи куќичка на надежта, на желбите, мало место кое испраќа голема порака дека различноста создава убавина. Тука, секое донирано пакетче, книга, цртеж или играчка, претставува светлина која ќе ја осветлува зимата на децата кои живеат на маргините и во социјален ризик. Со оваа иницијатива покажуваме дека децата од Делчево не се сами, дека ние, како одговорни поединци и институции, сме тука и носиме надеж дека чудата се возможни, порача Гоцевски.

Актуелности

# Промоција на првото социјално претпријатие во Делчево ИНТЕГРА




По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, првото социјално претпријатие КЛУБ ИНТЕГРА, во Делчево ги отвори вратите за посетители и ги промовираше успесите од своето работење. Во клубот, ангажираните лица развиваат работни вештини кои ќе им послужат за нивно работно интегрирање. Нивните производи, најразлични изработки од восок, честитки, торби и други ракотворби, се добро познати во Делчево.

Градоначалникот Иван Гоцевски кој беше во посета на клубот изрази задоволство од начинот на функционирање на претпријатието и истакна дека Општина Делчево продолжува да биде партнер на вакви иновативни проекти кои овозможуваат една нова социјална услуга за лицата со попреченост во нашиот град што претставува добра практика која овозможува поголема интеграција на овие лица во општеството.

- Од овде заедно да испратиме уште еднаш порака за поголема свесност за хендикепот, но и за почитување на правата на лицата со посебни потреби и да укажеме на придобивките кои ќе произлезат од процесот на интеграција на овие лица во секој аспект на политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот во нивната заедница, порача Гоцевски.

Одговорното лице во Дневниот центар Александар Николов истакна дека просториите во старата касарна се реновирани и овозможуваат одлични услови за професионален раст и развој на лицата.

– Набавена е опрема, сито- печат, модели за изработка на восочни свеќи, модели за гипсени производи, опрема за сечење и бигување, хартија за изработка на хартиени ќесиња, машина за ШИЕЊЕ оверллок, фотокопир во боја, спортско- рекреативна опрема , компјутери и др. Главна цел на проектот е да се подобри квалитетот на живеење на лицата со посебни потреби во Општина Делчево, преку развој и унапредување на нови алтернативни форми на социјални услуги, истакна Николов.

Клубот се реализира преку Проектот за подобрување на социјалните услуги финансиран од МТСП со поддршка на Општина Делчево, а го имплементира Здружението на граѓани „Бравура кооператива“.

# Креираме безбедни улици-работилница за зголемување на безбедноста во сообраќајот за лицата со попреченост

Актуелности




Во рамките на активностите предвидени за кампањата „Денови на хуманост-дарувај со љубов“, а по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост со корисниците на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Делчево и корисниците на услугите на НВО „Бравура кооператива – Клуб ИНТЕГРА“, се учеше како тие да бидат безбедни учесници во сообраќајот додека се движат по улиците.

Работилницата за унапредување на безбедноста на пешаците со посебен акцент на лицата со попреченост е во рамките и на актуелната кампања „Се движиме безбедно“ на Општина Делчево и Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево во соработка со ОВР Делчево и Регионалниот центар за гранични работи – Исток.

Преку работилницата корисниците на Дневниот центар и Клубот за социјална инклузија Интегра преку едукативно предавање беа запознаени со сообраќајната инфраструктура, правилата и прописите во сообраќајот кои воглавно се однесуваат на пешаците, сообраќајната регулација, опасни ситуации, употреба и користење на јавниот број 112 во итни ситуации,итн. Во делот на работилницата, тие беа во улога на проектанти и креираа безбедни улици на подготвени шеми со улица и станбени објекти кои ги надополнуваа со елементи преку кои би ги направиле улиците безбедни за движење.

Актуелности

# Саем на книги од издавачката куќа „Сакам книги“




Во рамки на Деновите на хуманоста, а по повод Светскиот ден на лицата со попреченост, во ЈЛБ„Илинден“-Делчево се одржа саем на книга од издавачката куќа „Сакам книги“ кој предизвика голем интерес кај нашите сограѓани. И градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, денес го посети саемот на книга, поддржувајќи ја оваа хумана и културна иницијатива, охрабрувајќи ги активностите кои поттикнуваат вклученост, солидарност и љубов кон книгата.

# Ликовна работилница-Белогаски



По повод 3 Декември, **Меѓународниот ден на лицата со попреченост**, Националната установа Центар за култура „Никола Јонков Вапцаров“ – Делчево традиционално организираше **инклузивна ликовна работилница**, во која заедно твореа ученици од основните и средните училишта и корисниците на Дневниот центар за лица со попреченост. Проектот е финансиски поддржан од **Министерството за култура и туризам на Република Македонија**, а се реализира во соработка со **Општина Делчево,ОУ „Св. Климент Охридски“, ОУ „Ванчо Прке“, СОУ „Методи Митевски – Брицо“** и **Дневниот центар за лица со попреченост „Бравура Кооператива“**. Ликовните дела што беа изработени на Ликовната работилница беа подарени на Дневниот центар на лица со посебни потреби во Делчево. На сите учесници беа поделени благодарници.

# Делчево во зимска и новогодишна приказна

Актуелности




Зимската приказна во Делчево испиша 22 страници со настани, концерти, дедо мразовци, пакетчиња кои мамеа насмевки и создаваа вистинска празнична атмосфера. Но, во зимскиот парк во Делчево, покрај новогодишно украсената градска елка, се забавуваа и постарите со греано вино и ракија со одбрана музика и со многу топли новогодишни специјалитети и декорации.

Општина Делчево за прв пат организира повеќедневна новогодишна програма. Градоначалникот Гоцевски истакна дека крајот на оваа успешна 2025 година, го дочекуваме во духот на заедништвото и позитивни вибрации пренесени од нашите домашни, македонски артисти на сцената пред Спомен - домот АСНОМ во Делчево, со многу песна, дружење и свечена празнична мисла за целокупната наша локална заедница.
-Граѓаните на Делчево, заслужуваат уште поубава културна понуда, што несомнено во период што следува, сериозно како локална самоуправа ќе ја развиваме, за сечиј вкус и внимание.
Охрабрува фактот што Делчево е веќе регионален центар на квалитетни и препознатливи настани коишто одат во прилог на збогатувањето на туристичката понуда на општината за сите посетители, а во интерес на подобрување на локалната економија во соработка со локалните стопанственици, порача Гоцевски.

На зимската сцена настапија:
Ламбе Алабакоски, Ангел, Иван и Драган, BROOKA BEND, Бумбари, Амбасадор, Троја, DJ ALADAGY, DJ BRAYAN, DJ BRYSID, DJ FREEKY, Баскерфест-Македонија, Кирил Пантомима, АНИМАТОРИ-Дедо мраз Штулар, Filip Rocci-Hristijan Sax.

Во организација на Здружението „Копачка“ се одржа промоција на монографијата „Ехото на дамарите на пијанчани-Копачката 10 години од впишувањето на Копачката во УНЕСКО“

Општина Делчево упатува посебна благодарност за сите спонзори коишто помогнаа за обезбедување на програмските содржини и за поубава и посвечена новогодишна магија да допре до секој граѓанин на нашето Делчево. Нивната поддршка и нескромна соработка на оваа новогодишна манифестација упатува силна порака дека Делчево е наш заеднички дом кој вреди да го унапредуваме и заедно да го развиваме.

Во рамки на зимската приказна во Делчево, ЈЛБ „Илинден“-Делчево се вклучи со повеќе активности и беше дел од предновогодишната програма на Општина Делчево. Мобилизирани најмладите од градинката „Весели цветови“ со песна го повикуваа Дедо Мраз. Првоодделенците од ООУ „Св.Климент Охридски“ и ООУ „Ванчо Прке“, боеја лампиони и подготвуваа украси, но испишаа и 54 зборчиња на балони кои треба да бидат најважни во годината што доаѓа и кои беа пуштени во небото над Делчево. Една од активностите е Конкурсот за најубава новогодишна честитка и порака, на кој работеа учениците од ООУ„Св.Климент Охридски“, а најдобрите честитки беа поделени во градскиот парк.

Култура

# Културен информатор

Во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ на културната сцена во Делчево беше понудена богата културна програма:

Филмски проекции: „Порака од вселената“, „Дивиот дијамант“, „Биби и Боби во светот на бајките“, „Марија“

Годишен концерт на Фолклорна група „Вапцаров“

Литературен портрет на Ленче Стоименова

Детска театарска претстава за деца „ Мечето Панда и Дедо Мраз“

Вапцарови бранувања 2025 година

Монодрама со Игор Ангелов „Сите најубави нешта“






















# Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



Издава: Општина Делчево
Уредник: Даниела Такева
Техничка обработка: Влатко Мицевски
Соработник: Благица Петровска
Фотографија: Општина Делчево
Лектор: Даниела Такева


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**